**ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ**
**Бр.11-418**
**13.01.2022год.**
**Јегуновце**

Градоначалникот на општина Јегуновце, решавајќи по барањето на Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп, Подружница Скопје доставено преку е-урбанизам со постапка бр.39875 во име на А1 Македонија дооел Скопјеподнесено под број УП1 11-418 за одобрување на Проектна Програма, врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20) го издава следното:

**РЕШЕНИЕ**

Се одобрува Проектна Програма со бр.29/21 од октомври 2021 година изработена од Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп, Подружница Скопје за поставување на магистрален оптички кабел меѓу Скопје и Тетово на подрачјето на општина Јегуновце.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот, Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп, Подружница Скопје , преку е-урбанизам со постапка бр. 39875 во име на А1 Македонија дооел Скопје поднесе барање за одобрување на Проектна програма за поставување на магистрален оптички кабел меѓу Скопје и Тетово на подрачјето на општина Јегуновце на потегот:
-КО Жилче вон градежен опфат на дел од КП 1193 , дел од КП 1196/1 и дел од КП бр.1198
-КО Прељубиште вон градежен опфат на дел од КП бр.679 и КП бр.678 нам.в.Бара
-КО Туденце вон градежен опфат на дел од КП бр.234**/9**, КП бр.1391, КП бр. 1386
- КО Подобреѓе вон градежен опфат на дел од КП бр.444 во должина од 690 м1, дел од КП бр.447, дел од КП бр.89 ,дел од КП бр.90
-КО Раотинце вон градежен опфат на КП бр. 171 **,** дел од КП бр.2097, дел од КП бр.2098, дел од КП бр. 2099, дел од КП бр.844, дел од КП бр.2104, дел од КП бр 2095,делод КП бр.2096, делод КП бр2086, дел од КП бр 2088, дел од КП бр 2089, дел од КП бр. 2090, дел од КП бр. 620, дел од КП бр. 630, дел од КП бр.651
-КО Шемшово вон градежен опфат на дел од КП бр.795, дел од КП бр.157, дел од КП бр.136, дел од КП бр. 925, северен дел од КП бр.928 , КП бр.788 и дел од североисток од КП бр.929
-КО Копанце на КП бр.3073 , на дел од КП бр.843 и КП бр.832

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат за поставување на магистрален оптички кабел меѓу Скопје и Тетово на подрачјето на општина Јегуновце со број 29/21 од август 2021 година изработена од Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговијаувоз-извоз ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп, Подружница Скопје .
2. Ажурирана геодетска подлога со граници на плански опфат

Комисијата за урбанизам формирана од градоначалникот на општина Јегуновце со Решение број 09-555 од 04.05.2021 година по проучување на доставената документација со барањето , констатира дека барањето е основано и Планската програма може да се одобри.
Истото го потврди со Предлог за одобрување бр.11-418 од 17.01.2022 година

Градоначалникот на општина Јегуновце по извршениот увид на приложената документација со барањето , констатира дека барањето е основано.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**

Против ова решение барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Градоначалник
Димитар Костадиноски

Dimitar Kostadinoski
Digitally signed by Dimitar Kostadinoski
Date: 2022.01.31 10:58:05 +01'00'